Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година и Годишна сметка на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**

1. Се објавува Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година и Годишна сметка на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година, донесен на 10. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2493/1**
**Датум: 11.03.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 33 и член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и 244/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр 53/21, 77/2, 150/21,173/22,170/24 и 37/25), Советот на Општина Карпош на 10. седница, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2025 ГОДИНА И ГОДИШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2025 ГОДИНА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## на Општина Карпош за 2025 година

### I. Годишниот извештај на општина Карпош за 2025 година го сочинуваат

- Предлог-Завршната сметка на општина Карпош за 2025 година
- Извештај за средствата и изворите на средствата на општина Карпош за 2025 година
- Извештај за побарувањата и обврските на општина Карпош за 2025 година
- Извештај за реализација на инвестиционите програми на општина Карпош за 2025 година
- Извештај за реализација на блок дотациите на општина Карпош за 2025 година
- Извештај од одговорниот сметководител

### II. Образложение на Годишниот извештај на Општина Карпош за 2025 година

### Функционална поставеност на Општина Карпош

Законски утврдените активности на Општина Карпош во текот на 2025 година беа вршени со ангажирање на Советот на Општина Карпош, Градоначалникот на Општина

Карпош и на општинската администрација на Општина Карпош. Советот ги воспостави институционалните рамки за вршење на дејностите на Општина Карпош, додека нивната оперативна реализација беше остварувана од страна на градоначалникот на Општина Карпош и на соодветните организации делови (стручните служби) на општината.

**Совет**

Во текот на 2025 година Советот на општина Карпош одржа 22 седници.
На седниците се расправаше за бројни прашања од надлежност на општината, и во тие рамки за прашања од надлежност на Советот.

Советот на Општина Карпош донесе повеќе акти, меѓу кои повеќе одлуки, програми, правилници, одлуки за измена и дополнување на урбанистички планови и друго.

Беа донесени :

Програма за Уредување на градежно земјиште и комунални работи за 2026 година
Програма за Урбанистичко планирање за 2026 година;
Програма за Образование за 2025 година;
Програма Детската ,социјална и здравствена заштита за 2026 година;
Програма Култура за 2026 година;
Програма за Развој за 2026 година
Програма за Спорт за 2026 година
Програма за Екологија и енергетска ефикасност за 2026
Програма за Заштита и спасување за 2026 година
Програма за Месна самоуправа за 2026 година
Програма за Уривање кои се бесправно изградени за 2026 година
Програма за Информатичка технологија за 2026 година
Програма за Еднакви можности меѓу жените и мажите за 2026 година
Програма за Односи со јавноста и информација на граѓаните за 2026 година
Програма за Работа на Советот за 2026 година

Исто така Советот донесе и заклучоци со кои ги усвои Програмите за работа за учебната 2025/2026 година на основните училишта и јавните детски установи кои работат на подрачјето на Општина Карпош. Во склоп на Програмите беше донесено мислење за Програмите за изведување на училишните екскурзии и други слободни акивности на основните училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2025/2026 година.

Во законскиот рок, Советот на Општина Карпош го усвои Годишниот извештај за 2024 година заедно со сите законски утврдени пропратни извештаи и завршната сметка на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година

Заради изменетите надлежности и начини на финансирање на општина Карпош, Советот изврши три измени и дополнувања (Ребаланс) на Буџетот на општина Карпош за 2025 година, а го донесе и Буџетот на Општина Карпош за 2026 година во законски утврдениот рок.

Сите активности во 2025 година (донесени правилници, одлуки и програми) Советот ги вршеше на своите седници, но и преку комисиите, како негови работни тела. Зависно од потребата одделните комисии одржаа соодветен број на седници на кои се разгледуваа сите материјали предвидени на дневен ред на седниците на Советот, во функција на подготовка на седниците на Советот на Општина Карпош.

**Градоначалник**

Во текот на 2025 година Градоначалникот на општина Карпош ги вршеше активностите што му се негова надлежност во рамките на законите и донесените одлуки на Советот. Активностите на Градоначалникот беа насочени во повеќе правци преку реализирање на активности на соодветните организациски делови (стручни служби) на Општина Карпош.

Покрај вообичаеното раководење со општина Карпош, првенствена задача на Градоначалникот беше да ги доврши отпочнатите активности од 2024 година, како и реализација на инвестициско-комуналните задачи утврдени со соодветните програми за 2025 година. Тоа значеше, голем дел од своите ангажмани и активности Градоначалникот ги посвети на расчистување на значителните проблеми кои ги засегаат граѓаните, особено во делот на урбаното живеење со изградба на утврдените капитални објекти низ цела територија на општина Карпош.

**Активности на општинската администрација**

**Сектор за финансиски прашања**

Ажурното евидентирање на промените во сметководствената евиденција на општина Карпош е основна карактеристика на работењето на Секторот за финансиски прашања. Во тој правец дејствуваа интензивните активности што беа спроведени во текот на претходната година за средување на сметководствената евиденција и обработка

на сметководствените податоци на воспоставениот софтверски модул за сметководствена евиденција.

Во текот на 2025 година продолжи тековното евидирање на материјално-финансиското работење на општина Карпош. Се водеше сметка за утврдување и наплата на побарувањата на општина Карпош настанати по разни основи, пред се врз основа на локалните даноци и такси и надоместокот за уредување на градежно земјиште или т.н. комуналии, надоместокот за утврдување на безправен статус, закуп на деловен простор и други побарувања. Побарувањата што се потврдени дека не се спорни, се евидентирани во деловните книгите на општина Карпош. На правните и физичките лица за кои е констатирано дека не ги платиле своите обврски за комуналии, даноци или такси во претходните години, во соработка со даночната администрација на градот Скопје, им се испратени опомени за заостанат долг, по што следеше постапка за наплата на долгот.

Ист пристап е применет и спрема обврските на општина Карпош. Сите превземени обврски (потврдени со валидна пропратна документација) се евидентирани во сметководствената евиденција. Овие обврски се со комплетирана документација и се делат на две категории. Прв дел,тековно-оперативни обврски, на кои отпаѓаат комуналните трошоци на општината и капитални обврски за отпочнати инвестиции.

Промените во сметководството на општина Карпош се евидентираа врз принципите на законитост и ажурност во работењето, на што упатуваат податоците од годишната сметка на општина Карпош за 2025 година, извршениот попис на средствата и изворите на средства со состојба 31.12.2025 година и констатациите во Извештајот на одговорниот сметководител за веродостојноста и за точноста на податоците на годишната сметка, кои се составен дел на овој извештај.

Годишната сметка на општина Карпош за 2024 година беше усвоена од страна на Советот на општина Карпош во законски утврдениот рок (најдоцна до 15.03.2025година) и таа, исто така, во законскиот рок (најдоцна 31.03.2025година) беше доставена до Министерството за финансии. Буџетот на општина Карпош за 2025 година беше подготвен и донесен од страна на Советот на општина Карпош во законскиот рок.

Реализацијата на Буџетот на општина Карпош за 2025 година беше следена преку Квартални извештаи за сите четири (4) квартали од 2025 година кои навремено (во законски утврдените рокови) беа доставувани и усвојувани од страна на Советот на општина Карпош и истовремено, доставувани до Министерството за финансии.

**Сектор за Јавни набавки**

Во текот на 2025 година Општина Карпош спроведе вкупно 194 постапки за јавна набавка, согласно Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2019 и бр.87/2021“),

- Набавки од мала вредност до 10.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и до 20.000 евра во денарска противвредност за работи се спроведени вкупно **77** постапки;
- Постапки спроведени со поедноставена отворена постапка со проценета вредност до 70.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и до 500.000 евра во денарска противвредност за работи се спроведени вкупно **104** постапки;
- Постапки спроведени со отворена постапка со проценета вредност над 70.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и над 500.000 евра во денарска противвредност за работи се спроведени вкупно 13 постапки;
- Поништени се вкупно 35 постапки;
- Обжалени се вкупно 7 постапки.

**Сектор Урбанистичко планирање**

Во текот на 2025 година општина Карпош оствари бројни активности во доменот на урбанизмот, и тие се извршуваа во услови на бројни наследени но и новопојавени проблеми и ограничувачки фактори на дејствување.

Значаен дел од активностите беа насочени кон средување и анализирање на издадената техничка документација за безправно изградените објекти и нивно вклопување во Деталниот урбанистички план.

Активностите во областа на урбанизмот во текот на 2025 година главно беа насочени кон подготовка за изработка на детални урбанистички планови и измена и дополнување на истите и изработка на геодетски елаборати за посебни намени за вклопување на објекти во деталните урбанистички планови.

Во текот на годината Секторот за Урбанизам изврши бројни активности поврзани со реализацијата на соодветната програми што претходно ја усвои Советот на општина Карпош

**Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи**

Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи за тековната 2025 година оствари значајни проекти во делот на инфраструктурата и високоградбата се со цел да се задоволат потребите на граѓаните на Општина Карпош.
Оваа година е започнато со реконструкции и санации на фасади на згради за колективно домување.
Секторот изврши бројни активности поврзани со реализација на соодветните инвестициски програми. Тие првенствено се однесуваат на асфалтирање на ударни

дупки на јавни сообраќајни површини, сервисни и станбени улици, локални патишта и санации на прекопи на територијата на Општина Карпош како и поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација на постојните и нови улици.

Во тековната година извршени се и бројни интервенции на оштетени улици, тротоари, колско пешачки патеки како и пешачки патеки во зелени површини.
Заради подобрување на условите за квалитетно живеење на граѓаните во општината исто така извршени се итни интервенции на фекална и атмосферска канализација.
Во зависност од потребите на основните училишта, градинки и други објекти во надлежност на Општина Карпош извршени се реконструкции на санитарни јазли и инсталации за довод и одвод, за да се подобрат условите каде што нашата млада популација престојува и учи. Исто така вршени се и итни интервенции за санација на крововите во општинско основно училиште.
Општината во зимските услови е секогаш ефикасна во однос на одржувањето и расчистувањето на сообраќајниците – собирни, сервисни, станбени улици и пешачки патеки.
Сите реализирани проекти и оние кои се во фаза на реализација се поткрепени со градежно техничка документација почнувајќи од изработка на основни проекти од инфраструктура, од високоградба, измена на режим на сообраќај како и елаборати итн.
За тековната година реализирани се повеќе проекти од кои дел се веќе завршени а останатите се во фаза на реализација.
Секој проект е проследен со Ревизија, а извршувањето на терен е контролирано од страна на надворешен надзор кој е избран преку тендерска постапка во координација со вработените лица од Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи.

**Сектор за екологија и енергетска ефикасност**

За одржување на јавната чистота, Општината Карпош издвои значителна енергија и голема посветеност со цел подобрување и унапредување на состојбата со јавната хигиена.

Од страна на вработените за одржување на јавната хигиена и јавното зеленило на Општина Карпош, се набавија основни средства за потребите на службите за одржување на јавната хигиена, како што се набавките за **резервни делови и одржување на машините за косење на тревата, за ХТЗ и друг вид на опрема, за алат, материјал и друга опрема** и слично.

Општината Карпош, како одговорен општествен субјект, и во текот на 2025 година се грижеше за одржувањето на зелените површини кои самата ги има подигнато. Стручните служби на Општината во текот на целата година се грижеа за постоечките хортикултурно уредени површини (вкупно 16), а се вршеше и редовно **одржување на автоматските системи за полевање на зеленилото**.

Исто така, беа засадени **украсни растенија** како дел од стратегијата за обновување на зелените површини, и тоа воглавно во парковите во кои Општина Карпош има поставено автоматски системи за наводнување, односно парковите за кои целосно го има превземено одржувањето.

Со засадувањето на дрвјата, украсните растенија, подигнувањето на новите тревни површини и косењето на блоковското зеленило, Општината Карпош делуваше на зголемување на апсорпцијата на штетните материи од воздухот, како и на намалување на PM 10 и PM 2,5 честичките.

Како и секогаш, големо внимание беше посветено и на санирањето и заменувањето на веќе постоечката урбана опрема, како и на другите браварско-занаетчиски работи

Периодов големо внимание беше посветено и на санирањето на веќе постоечките детски и спортски игралишта.

Со замената на реквизитите на детски игралишта се подобри безбедноста и сигурноста на децата од причина што старите дрвени конструкции беа дотраени и небезбедни, а исто така се намалува можноста за вандализирање на игралиштата со што финансискиот ефект на среден и долг рок ќе биде позитивен за Општината Карпош.

Извршени се и неколку интервенции и прилагодувања на режимот на работа, како и редовно одржување, замена на дотраените или вандализирани делови и чистење на **фонтаните на територија на општината.**

Во 2025 година беа набавени и поставени **парковски клупи за седење и корпи за отпадоци.**

Реализација на проектите и активностите од краткиот едногодишен **Акционен план од ЛЕАП 3 за 2025 година**:

- Поставување на систем со фотоволтаици на кровот на основното училиште “Христијан Тодоровски Карпош”, УЗ Карпош 1,
- Подигање на жива ограда (зелен ѕид) со поставување на систем за полевање во дворот на ООУ “Војдан Чернодрински”, УЗ Владо Тасевски, и
- Награда за најголемо количество произведен компост во општинските основни училишта.

Во текот на 2025 се реализираше и проектната активност со наслов: **Ветеринарна заштита на бездомни животни/мачки/**главната цел на истиот е ублажување на проблемот со големиот број на бездомни мачки во смисол

Општината Карпош во текот на 2025 година реализираше активност за промоција на користењето на велосипеди и електрични тротинети како превозни средства, но и како средства за рекреација кои не ја загадуваат животната средина и околината, а воедно и

придонесуваат за подобрување на здравјето на корисниците на велосипедите и тротинетите.

Во текот на 2025 година одржувањето на јавното осветлување се вршеше во **два реони**.Освен замена на прегорените светилки и отклонување на појавените дефекти, беше вршена и реконструкција на старите системи за јавно осветлување, што подразбира промена и на комплетната инсталација, вршење на ископи за санација на дефекти, како и заштита и бојадисување на столбовите и нивна замена каде што имаше потреба, замена на оштетените капаци и други активности.

Исто така, беше извршена и **промена на дел од преостанатите натриумови во ЛЕД светилки**, што беа од повисок приоритет беа заменети со штедливи светилки компатибилни на веќе инсталираниот софтверски систем за осветлување.

Како резултат на мерките за заштеда на **потрошувачката на електрична енергија**, истата во 2025 година е сведена на очекувани рамки, а по целосната имплементација на претходно наведената активност за замена со ЛЕД осветлување (во оваа фаза се мисли на софтверското функционирање на системот) се очекува потрошувачката и трошоците за електрична енергија дополнително да се намалат.

Во рамките на заложбите за зголемено користење на обновливи извори на енергија, Секторот за екологија и енергетска ефикасност изврши **поставување на фотоволтаични системи со капацитет од 25 kW** на крововите на две општински основни училишта.Се очекува заштедите на потрошувачка на електрична енергија во овие две училишта да бидат најмалку 40% на годишно ниво.

Со реализацијата на оваа програмска активност практично се заокружува поставувањето на фотоволтаични системи на сите 10 основни училишта на територијата на Општината Карпош, што претставува големо олеснување во врска со трошоците за потрошена електрична енергија на училиштата, но и поефикасно користење на енергијата преку употреба на соларната енергија и Сонцето како обновлив извор на енергија.

Во две основни училишта од безбедносни причини беа **променети старите дотраени табли со топливи осигурувачи и инсталации** кои претставуваа закана за безбедноста на сите корисници, вклучително и учениците.

Во рамки на проектот „Инвестиција во фотоволтаици, енергетска ефикасност и заштита на човековата околина“ во Општина Карпош **беа поставени фотоволтаични централи, секоја со капацитет од по 20 kW**, на две општински основни училишта. Проектот се спроведуваше во заедничка соработка со општините од Скопскиот плански регион преку **Центарот за Развој на Скопски Плански Регион**, а беше финансиран од **Бирото за регионален развој при Министерството за локална самоуправа**.

Проектот OSS HABITAT има за цел да ја подобри енергетската ефикасност во домовите на граѓаните. Преку систем на интегрирани услуги, проектот ќе ја промовира енергетски ефикасната санација на домовите во станбени згради (станови и куќи),

овозможувајќи им на граѓаните да заштедат на трошоците за домаќинството, а во исто време да придонесат за заштита на животната средина.

Општина Карпош е една од трите општини (заедно со Општина Кочани и Општина Куманово) која во 2025 година потпиша Меморандум за соработка во рамки на проектот и претставува дел од советодавната мрежа на проектот.

Во текот на 2025 година претставници од Секторот за екологија и енергетска ефикасност учествуваа на повеќе работилници организирани во рамки на проектот каде се дискутирааклучните чекори за создавање на систем на дигитални услуги што ќе им помогнат на граѓаните за примена на енергетска ефикасност во нивните домови. Повеќе од дваесетина членови на мрежата беа информирани за досегашниот тек на проектот и резултатите; беа презентирани Каталогот на услуги, финансиските модели и концептот за дигиталната платформа на услуги за реновирање на домови со мерки за енергетска ефикасност.Како што беше заклучено на состанокот, реновирањето на станбените згради претставува главен предизвик и за негово надминување е потребна организирана поддршка за граѓаните.

**Сектор за дејности од јавен интерес**

Општина Карпош во областа на **Образованието**, ја реализираше Годишната Програма како организатор на повеќе активности и манифестации кои се од јавен интерес за учениците, младите и граѓаните на Општината.

Во текот на 2025 година набавени се на нагледни средства и дидактички материјали за осовременување на наставата во општинските основни училишта.

Општина Карпош и во текот на 2025 година продолжи со обезбедување на ужинки за учениците од општинските основни училишта за учебната 2024/2025 година, односно во период од јануари-јуни 2025 година, како и за учебната 2025/2026, за периодот септември-декември 2025 година. Општина Карпош субвенционираше ужинки за учениците од 1 до 9 одделение од општинските основни училишта во висина од 50% од износот на месечниот надоместок, со цел зајакнување на довербата помеѓу Општина Карпош и родителите на учениците од основните училишта како и подобрување на квалитетот на живеење на жителите на територија на Општина Карпош преку финансиската помош.

Во програмата за Образование за 2025 година, предвидената активност-организирање на еднодневни излети во околината на Скопје. Општина Карпош обезбеди бесплатен и безбеден секојдневен превоз до општинските основни училишта за 2025 година.

Општина Карпош исто така согласно Програмата додели стипендии за талентирани ученици од 8 (осмо) и 9 (деветто) одделение од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош за 2025 година.

Општина Карпош континуирано ги следи најдобрите ученици, ги мотивира и наградува. На крајот на учебната година најдобрите 10 (десет) ученици, првенци на генерација од

основните училишта од општина Карпош се наградуваат со парична награда од 10.000 денари на секој ученик.
Што се однесува до еднократна финансиска поддршка и парична помош од областа на образованието Општината распиша Јавен оглас за доделување еднократна финансиска поддршка на лица кои се занимаваат со активности од областа образованието и тоа за:

- Поддршка за ученици и наставници за учество на меѓународни натпревари,
- Поддршка за ученици и наставници ментори кои освоиле 1 место на државен акредитиран натпревар
- Учество како предавачи на стручни симпозиуми и конференции од областа на образованието
- Поддршка на наставници – фацилитатори од канцеларијата за родителство и

Со цел подигање на свеста на учениците, родителите и наставниците за важноста на животната средина и рециклирањето, како модел за заштита на животната средина, училиштата се натпреваруваа за најдобро уреден еко-училишен двор (катче или дел од дворот).
По повод првиот училишен ден во секое општинско основно училиште организираше соодветна пригодна програма . Општината исплати финансиски средства на секое општинско основно училиште според број на запишани првачиња. Целта е финансиска поддршка на училиштата за организација на активности и пригодни подароци за секое прваче по повод првиот училишен ден.

Во одбележувањето на денот на општината, се одржа манифестацијата „Карпош има талент“, каде учество земаа сите основни општински училишта кои низ разни точки го покажаа својот талент како актери, танчери, пејачи, имитатори.

Програмата за активностите на Општина Карпош од **областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година**, дефинира повеќе приоритети со кои се опфатени различни категории на граѓани, од најмлади до највозрасни, се со цел подобрување на квалитетот на животот.
Активностите насочени кон најмладите се реализираат преку унапредување и континуирано подобрување на воспитно-образовните програми и материјалите за работа како и разни видови на обуки за вработените во предучилишните установи. Исто така се води сметка за вклучување на маргинализираните групи на деца во воспитно-образовниот процес со цел надминување на постоечките бариери , поодбрување на процесите на инклузија и социјализација и развивање на свесноста за важноста на раниот детски развој и вклучувањето во образовниот процес.
Еднократна парична помош се доделува еднаш во годината на лица/семејства во состојба на социјален ризик, лекување и елементарна непогода, покрај паричната помош на граѓаните им се пружаат и други видови на поддршка и тоа: психо-социјална помош, упатување во соодветна институција и решавање на нивните проблеми кои што се во интеграции на општината.
Еднократна парична помош во висина од 8.000,00 денари, се доделува на секое новородено/посвоено дете согласно утврдените критериуми по програмата од одделението за детска, социјална и здравствена заштита.

По повод 3-ти Декември- Денот на лицата со попреченост, Општина Карпош секоја година го организира одбележувањето на овој светски ден под мотото „Сите сме исти, сподели среќа“.Во 2025 година беше доделена еднократна парична помош во висина од 5.000,00 денари, средства планирани во буџетот на општината.
Поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита (унапредување на предучилишниот воспитно- згрижувачки процес, поддршка за стари лица и маргинализираните групи на граѓани од Општина Карпош).
Посебен превоз за стари лица и лица со попречености со посебно опремени наменски возила, со оваа услуга се обезбедува бесплатен превоз за стари лица и лица со пореченост со посебно опремени наменски возила. Овие возила се користат за превоз на корисници кои не се во можност самостојно да обезбедат превоз за користење на здравствена, социјална или друга услуга заради старост, болест, неможност или потешкотии при самостојно движење или пак имаат потреба од придружник .

Социјални услуги во Општина Карпош се развиваат во соработка со Македонското Монтесори Здружение и Црвениот Крст на град Скопје .Првата услуга е центар за дневен престој - „Центар за стручна помош и поддршка на деца со попреченост и нивните семејства – МоПи“. Давател на услугата е Македонското Монтесори Здружение, кое е лиценциран давател на услугата, Услугата се испорачува преку индивидуални третмани и психо-социјална поддршка од страна на стручни лица (специјални едукатори и рехабилитатори и психолози) и е наменета за деца со попреченост и развојни потешкотии на возраст од 2-10 години, со приоритет на деца од Општина Карпош. Втората услуга „ Помош и нега во домот “ се реализира во партнерство со Црвениот Крст на град Скопје. Со оваа услуга се обезбедува помош во вршење на основни инструментални активности од секојдневниот живот на стари лица со намален функционален капацитет, од страна на професионални и сертифицирани негуватели за стари лица.

Согласно **Програмата за култура за 2025 година** се реализираа разновидни активности во Општина Карпош, со фолклорните ансамбли од подрачјето на Општина Карпош и со афирмирани македонски уметници. Исто и оваа година се одржа традиционалната манифестација „Културно лето” во кое што имаше богата програма со многу атрактивни настани. На тој начин ги постигнавме целите за доближување на културата до сите граѓани, ги одбележавме настаните и личностите од значење на Македонската историја, го потикнуваме современото општество и ги воведовме најмладите во креативните процеси.

**Одделението за Спорт** при општина Карпош е фокусирано кон развивање и промовирање на спортот во општината, спортските активности како и на забавниот и училишниот спорт и помагање на спортските клубови.

Општина Карпош на нашите ученици им нуди широк спектар на натпревари каде што ќе можат сите ученици спортисти да ги искажат своите знаења, умеења, способности и вештини. Голем акцент се става на развојот на антропометриските и моторичките способности кај учениците кој преставуваат круцијален сегмент за нивниот понатамошен спортски раст и развој.

Целта на организирање на сите спортски натпревари и спортски проекти е сплотување на младите и укажување на благодетите од спортската активност и дека животот не го сочинуваат само комјутерите и листањето по електронските социјални мрежи, туку има нешто повредно и поубаво за нашето здравје.

Секторот превзема и се вклучува во активности и проекти организирани од Владини и невладини институции.

**Сектор за односи со јавноста и информација на граѓаните**

Предвидените активности кои ги спроведе Одделението за односи со јавноста во текот на 2025 година, беа реализирани во согласност со годишната Програма за работа на Секторот за односи со јавноста и информации на граѓаните. Според планираната стратегија која ја воспостави Општина Карпош во областа на односи со јавноста и информација на граѓаните, пред сè беа реализирани законските обврски кои ги има локалната самоуправа во поглед на транспарентниот пристап кон јавноста. Притоа, сите јавни огласи, повици и други јавни акти кои произлегоа од Општина Карпош беа објавени во печатените медиуми, односно во дневните весници со кои Одделението за односи со јавноста има склучено договор за соработка. Исто така, овие документи беа објавени на општинската веб страница и на официјалните канали за комуникација на социјалните мрежи.

Од аспект на унапредување на соработката со печатените медиуми, Одделението за односи со јавноста повеќе од една деценија преку претплата во дневните весници, континуирано ги следи актуелните случувања меѓу кои се обработуваат теми кои ја засегаат работата на локалната самоуправа. Во насока на секојдневно мониторирање на присутноста на Општината и органите на институцијата во печатените и електронските медиуми, како и на социјалните мрежи, Одделението за односи со јавноста преку услугата press clipping ги следеше информациите кои се лиферуваа во јавноста, а кои се поврзани со термините градоначалник, Карпош, Општина Карпош, Совет/советници на Општина Карпош. На тој начин, Одделението за односи со јавноста располагаше со релевантни податоци за застапеноста на локалната самоуправа и нејзините служби во медиумскиот простор во Македонија, од каде ги креираше и месечните анализи, комуникациската платформа и стратегијата за пристап до пошироката јавност.

Од особено значење беше соработката со информативната агенција која го покрива широкиот медиумски простор во нашата држава, каде што се најавуваат настани и објавуваат информации кои се значајни за Општина Карпош. На овој начин, локалната самоуправа постигна поголема видливост од аспект на медиумската присутност, а со самото тоа и достапност до јавноста.

Сите настани кои ги организираше Општина Карпош, поточно активностите кои ги реализираа нејзините Сектори и Одделенија, беа сублимирани во вид на информации,

фотографии и видео прилози. Оттука, Општината поседува богата архива на документирани фотографии кои сведочат за значајни случувања, свечености и настани кои се дел од историјата низ која се развивала нашата општина.

Согласно стандардите за работа на локалната самоуправа, Секторот за односи со јавноста и информации на граѓаните ги презентираше сите информации, податоци, документи и јавни огласи на својата официјална веб страница. Како и секоја друга одговорна институција, Општината се стреми да постигне повисоко ниво на транспарентност и пред сѐ отвореност кон граѓаните, медиумите и пошироката јавност.

Секторот за односи со јавноста и информации на граѓаните преку реализација на овие програмски активности, но и со покренување на нови иницијативи, конструктивни предлози и сугестии, ќе се фокусира кон подобрување на комуникацијата со граѓаните преку сеопфатност, квалитет и користење на сите современи алатки и канали на комуникација.

**Сектор за развој**

Примарните активности од областа на локалниот економски развој во текот на 2025 година беа насочени кон реализирање на проекти кои се дел од Програмата од секторот и надвор од неа, но сепак во насока на засилување на локалниот економски развој и младите.

Како и секоја година така и оваа, во соработка со Републичкиот завод за трансфузиологи и Црвениот крст на Македонија, организиравме две крводарителски акции, каде се собраа значително голем број на крвни единици.

Како планирана активност во Програмата за развој беше и Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија.

Врз основа на Јавниот повик за изразување интерес од страна на општините за финансирање на инфраструктурни проекти од Програмата АА, за 2025 година, објавен од Владата на Република Македонија, Секторот за развој во соработка со Секторот за комунални работи и уредување на градежно земјиште беше вклучен во подготовка на апликативните формулари .

Истите проекти беа одобрени и проследени до Советот на Општина Карпош

Како резултат на одржани форумски сесии од страна на Центарот за развој на Скопски плански регион, а врз основа на објавување на Јавен повик од страна на Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој и Швајцарската канцеларија за врски,

Општина Карпош заедно со Општина Кисела Вода, Сопиште и Зелениково, оваа година беа поставени фотоволтаици до 35kW во 2 училишта во Општина Карпош. Со добиените средства се изработи најнапред проект каде ќе се утврди каде и колку панели ќе бидат поставени со вкупна моќност до 35kW на овие градинки.

**Сектор за поддршка на градоначалникот**

Секторот за поддршка на градоначалникот во текот на 2025 година ги извршуваше работите и задачите утврдени со Законот за локалната самоуправа, другите закони, подзаконски акти и општи акти на Општина Карпош.Поради распишување и одржување на локалните избори во 2025 година, централното одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош се одржа на 26 ноември 2025 година, со свечена академија во Кинотеката на Република Северна Македонија. По тој повод беа доделени: плакета за заслужен граѓанин и пофалница со парична награда на полициската службеничка од ПС Карпош. Исто така, во 2025 година беше ангажирана стручна компанија за извршување инженерски анализи на фактичката состојба на челичниот мост „Влајко“ во Општина Карпош, со примена на современи технологии за следење на состојбата на конструкцијата и изработка на план за евентуална санација, со цел обезбедување стабилност и долготрајност на надземниот премин.

Во 2025 година, **Одделението за заштита и спасување** при Секторот за поддршка на градоначалникот изврши редовно сервисирање и атестирање на противпожарни апарати, хидранти и хидрантски црева, обезбеди нови апарати и изврши санација на громобранската инсталаци. Одделението спроведе редовна пролетна и есенска дератизација, дезинфекција и дезинсекција, како и одржување на оџаци, димоводни уреди, системи за воздух и греење, и котли за парно греење, со цел унапредување на безбедноста и здравјето на учениците и децата во предучилишните установи.

Дополнително, Општина Карпош преку **Одделението за месна самоуправа**, во 2025 година обезбеди финансиска и логистичка поддршка за одбележување на празници и настани, согласно годишната програма за работа.

**Одделението за информатичко-комуникациска инфраструктура и Одделението за геоинформациски систем (ГИС)** во текот на годината вршеа тековно одржување и надградба на постоечките ИТ-системи имплементирани во Општината, вклучително и електронското архивско и деловодно работење, е-услугите и геоинформацискиот систем (ГИС).

ИЗВЕШТАЈ

## ЗА СРЕДСТВАТА И ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВА НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2025 ГОДИНА

### *ОПШТИ НАПОМЕНИ*

Средствата и изворите на средства во сметководствената евиденција се искажуваат вредносно согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Врз таа основа, Секторот за финансиски прашања во билансните позиции ги искажува долгорочните средства (градежни објекти и опрема) по набавна вредност, зголемена за ДДВ, издатоци за превоз и други трошоци при набавка. Исправка на вредноста (амортизација) се врши по праволиниска метода и започнува да се пресметува од првиот ден на наредниот месец кога набавените средства почнале да се користат.

Согласно Правилникот, Секторот за финансиски прашања ги евидентира долгорочните средства во самостоен сметководствен модул за евидентирање и следење на состојбата на долгорочните средства. При тоа, секое средство (градежен објект или опрема) поединечно вредносно се евидентира на кое се пресметува годишна амортизација и ревалоризација. Набавната вредност и промените на вредноста со кои се зголемува набавната вредност се основа за пресметка на амортизација на долгорочните средства, со примена на амортизациони стапки според Номенклатурата на годишните стапки за отпис на долгорочните средства на буџетите и буџетските корисници.

Состојбата на средствата искажна во сметководствената евиденција се усогласува со фактичката состојба утврдена со пописот на 31.12.2025 година. За таа цел, пописната комисија (определена со решение од градоначалникот) врши физичко пребројување на долгорочните средства и нивно запишување во посебни пописни листи. Комисијата, составува Извештај за констатираните разлики по пописот, со предлози за книжење на вишокот или расходот на вредноста на средствата, како и забелешки за лицата што ракуваат со основните средства и објаснувања за настанатите разлики. Извештајот на Комисијата за попис на средствата го разгледува Градоначалникот и го утврдува начинот на книжење на утврдениот вишок или расход на долгорочните средства. Средствата кои се трајно нефункционални и се ставени вон употреба се испишуваат од сметководствената евиденција и се оттуѓуваат со Одлука за отпис и оттуѓување на долгорочни средства донесена од Советот на општина Карпош.

*ДОЛГОРОЧНИ СРЕДСТВА*

***<u>Градежни објекти</u>***

Во билансните позиции со состојба на 31.12.2025 година внесени се градежни објекти со кои стопанисува општина Карпош. Градежните објекти во книгата за попис се внесени според инвестиционата вредност, при нивна набавка или со завршување на изградбата.

Основа за запишување на градежните објекти во книгата за попис е вредноста на вложувањето (инвестицијата) искажана во градежните ситуации. Додека трае изградбата, овие објекти во сметководствената евиденција се водат на позицијата - Инвестиции во тек се до нивно завршување. По завршување на изградбата евидентно од приложена завршна ситуација и завршен извештај од надзорот со констатирана состојба за прием, во сметководствената евиденција објектите во изградба од Инвестиции во тек преминуваат во градежни објекти и се заведуваат со вкупната инвестирана вредност. Секоја дополнителна инвестиција во веќе изградениот објект ја зголемува набавната вредност односно револаризираната вредност на објектот. На крајот на фискалната година, по констатирање на состојбата на градежните објекти, преку Извештај од Комисија за извршен попис, Секторот за финансиски прашања пресметува амортизација и ревалоризација на градежните објекти поединечно и известува за нивната сегашна (тековна) вредност на чинење.

Во книгата за попис на ден 31.12.2025 година е заведена следната состојба на градежни објекти со вкупна набавна (ревалоризирана) вредност од 2.874.577.947 денари на која е пресметана вкупна исправка на вредноста од 345.298.232. денари и сегашна (тековна) вредност од 2.529.279.715 денари. Вкупната тековна вредност на градежните објекти се состои од :

Табела 1: Градежни објекти сопственост на општина Карпош

| Назив | Набавна вредност | Исправка на вредноста | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|
| Деловни објекти (згради, урбани заедници, и др.објекти) | 318.529.351 | 47.734.196 | 270.795.155 |
| Градежни објекти (уредување на простор) | 2.556.048.596 | 297.564.036 | 2.258.484.560 |
| **Вкупно** | **2.874.577.947** | **345.298.232** | **2.529.279.715** |

*Извор: Сектор за финансиски прашања, книга за попис на градежни објекти на општина Карпош со состојба на 31.12.2025 година*

***<u>Опрема</u>***

Броењето на основните средства Комисијата го вршеше во полн состав при што се утврди дека, сите вработени кои располагаат и управуваат со основните средства (опремата) се задолжени во претходни пописни листи кои се потпишани од нив и од претходната пописна комисија. Основните средства кои се во употреба имаат соодветен инвентарен број, што ја олесни работата на Комисијата. При пописот на средствата Комисијата изготви нови пописни листи, изврши споредбена контрола со претходните пописни листи, а средствата на кои немаше инвентарен број ги заведе како новопронајдени средства со нов инвентарен број. Пописот се вршеше во присуство на вработените кои располагаат со основните средства. Секој вработен е запознаен со констатираната состојба што ја потврди со своерачен потпис на новите пописни листи.

При пописот на основи средства Комисијата констатира и во поединечните пописни листи внесе новопронајдени средства и за нив прикачи нов инвентарен број. Службениците кои располагаат со новонабавените основни средства се запознаени за одговорното ракување со истите, но и за висината на штетата која отпаѓа на терет на службениците доколку неодговорно ги ракуваат основните средства. Сите службеници, одговорното ракување со опремата ја потврдија со своерачен потпис на поединечните пописни листи. Посебната пописна листа беше земена предвид при споредба на фактичката со сметководствената состојба. Во соработка со Секторот за финансиски прашања, од увидот во сметководствената документација Комисијата констатира дека сите новопронајдени средства кореспондираат со фактичката состојба и се набавени и платени од сметката на Општина Карпош.

При вршењето на пописот, Комисијата затекна основни средства кои се расипани, скршени и нефункционални односно истите се вон употреба и ги заведе во посебна пописна листа за расход. Комисијата констатира дека овие средства се нефункционални и дотраени, но не по вина на вработените лица кои ракувале со нив, и дека истите се нефункционални поради физичка дотраеност и техничка застареност па согласно приложените листи предложи истите да се расходоваат.

Во книгата за попис со состојба на ден 31.12.2025 година е запишана опрема со вкупна набавна вредност од 154.257.853 денари на која е пресметана вкупна исправка на вредноста од 117.983.712 денари и сегашна (тековна) вредност од 36.274.141 денари.

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ПОБАРУВАЊАТА И ЗА ОБВРСКИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ
# ЗА 2025 ГОДИНА

## *ОПШТИ НАПОМЕНИ*

Во текот на 2025 година општина Карпош ја продолжи активноста околу утврдувањето на износот на нејзините побарувања од одделните субјекти, како и на нејзините обврски спрема доверителите врз разни основи, настанати во тековната година и нивно евидентирање во сметководствената евиденција.

Со користење на расположливата документација, Секторот за финансиски прашања на општина Карпош ги евидентира и ажурира тековните побарувања и обврски на општината создавани во претходните и во минатата година, врз основа на веродостојни и вистинити сметководствени документи.

Притоа, за секој вид на побарување општина Карпош воведе посебна книговодствена аналитичка евиденција, за секој комитент поодделно.

Сите констатирани побарувања и обврски на општина Карпош заклучно со 31.12.2025 година се наведени во Годишната сметка, во овој извештај и во останатите извештаи што се составен дел на Годишниот извештај за работата на општина Карпош во 2025 година.

## *ПОБАРУВАЊА*

Во 2025 година во сметководствената евиденција на општина Карпош се прокнижени и потврдени побарувања врз повеќе основи. Побарувања врз основ на надоместок за уредување на градежно земјиште од правни и физички лица, побарувања од продажба на градежно земјиште, побарувања од надоместок за утрврдување на правен статус на физички и правни лица, побарувања од закупнини, побарувања од данок на имот на физички и правни лица, побарување за комунална такса за фирма и други кои имаат учество во приходите што ги остварува општина Карпош.

Од анализата на одделните побарувања на ден 31.12.2025 година евидентирани се следите нереализирани побарувања.

Табела 2: Побарувања - состојба на 31.12.2025 год.

| Ставка | Опис на побарување | Долговен износ |
| --- | --- | --- |
| 1220 | Побарувања од закупнини | 1.377.615 |
| 1221 | Побарување од комунални такси пред деловен простор | 441.702 |
| 122256 | Побарувања од индивидуални станбени објекти | 243.040 |
| 122266 | Побарувања за надомест на трошоци за уривање на објект | 916.655 |
| 1226 | Побарување на данок на имот од физички лица | 100.714.173 |
| 12261 | Побарување на данок на имот од правни лица | 36.812.536 |
| 12262 | Побарување за комунална такса за фирмарина | 69.268.104 |
| 128002 | Сомнителни и спорни побарувања | 572.952 |
| | Вкупни побарувања по сите основи | 210.346.777 |

*Извор: Општина Карпош, Сектор за финансиски прашања, Биланс на состојба на ден 31.12.2025година*

***1220 - Побарувања од закупнини***

Општина Карпош издава деловен простор под закуп на правни лица и физички лица кои изразиле интерес за изнајмување на простор согласно нивните деловни потреби. За таа намена, општината има склучено договори за закуп на деловен простор со оние правни лица кои во претходна постапка за изнајмување на простор понудиле најповолна цена по метар квадратен. Согласно склучените договори за закуп, Секторот за финансиски прашања на месечна основа доставува фактури за закупениот простор. Во сметководствената евиденција заклучно со 31.12.2025 година заведени се побарувања од закуп на деловен простор, во износ од 1.377.615 денари.

***122256 - Надомест за уредување на градежно земјиште***

Побарувањата од правни и физички лица кои изразиле интерес да градат или доградат делови од колективен или индивидуален објект се евидентирани на сметката надомест за уредување на градежно земјиште. На крајот од извештајниот период (31.12.2025) евидентирани се вкупно 243.040 денари неплатени побарувања, кои произлегуваат од заеднички побарувања со Градот Скопје (сооднос 60/40).

***122266 - Побарувања за надомест на трошоци за уривање на објекти***

Побарувањата во износ од 916.655 денари се настанати врз основа на префактурирани трошоци за уривање на безправно изградени објекти. Побарувањата се пренесени од минатите години. Инспекциската служба на општината ги има откиено безправно изградени објекти (вон ДУП) и е издадено решение за нивно отстранување. Сопствениците на овие безправни објекти не постапија по решението од градежниот испектор, така што службите на општина Карпош пристапија кон нивно отстранување. Секторот за финансиски прашања ги евидентира трошоците за уривање на безправните објекти и истите ги пренасочи за наплата до секое лице, соодветно.

**Побарувања кои се делат помеѓу општина Карпош и град Скопје**

***1221 – Побарување од комунални такси пред деловен простор***
***1226 - Побарување на данок на имот од физички лица***
***12261 - Побарување на данок на имот од правни лица***
***12262 - Побарување за комунална такса за фирма***

Побарувањата од комунални такси тред деловен простор, побарување за фирмарина и данок на имот од физички и правни лица, заклучно со 31.12.2025 година изнесуваат 206.794.813 денари. Овие побарувања во сметководството на општина Карпош се евидентирани на крајот од 2025 година, според добиениот Преглед на заеднички побарувања од градот Скопје. Согласно Законот за град Скопје овие побарувања се делат помеѓу општината и градот во соодветен процент, а обврска за издавање на решенија и нивно следење по лице има даночната администрација на градот Скопје. Секторот за финансиски прашања единствено врши координација помеѓу обврзниците за данок на имот и градот Скопје при дистрибуцијата на даночните решенија и откривање на нови даночни обврзници.

Побарувањата за данок на имот во сметководствената евиденција на град Скопје се заведуваат врз основа на годишни решенија за данок на имот, кои пак, се изготвуваат според облогателна листа. Облогателната листа се ревидира на месечно ниво, зависно од промените на имотот на даночните обврзници, а се објавува на почетокот на календарската година и содржи податоци за тековната година. Во таа насока, во 2025 година во облогателната листа на општина Карпош регистрирани се вкупно 36.349 физички лица и 1.191 правни лица, обврзници за данок на имот. Даночниот долг за данок на имот на вкупно евидентираните даночни обврзници на територијата на општина Карпош, заклучно со 31.12.2025 година изнесува 100.714.173 денари долг на физички лица и 36.812.536 денари долг на правни лица. Побарувањата за комунална такса за фирма на 31.12.2025 година изнесуваат 69.268.104 денари во кои е кумулиран долг за фирмарина од претходни години. Побарувањето од комунални такси пред деловен простор на 31.12.2025 изнесува 441.702 денари.

***ОБВРСКИ***

На 31.12.2025 година, со користење на веродостојната расположлива документација, во сметководството на општина Карпош се евидентирани неплатени обврски по фактури и времени ситуациии на разни доверители за извршени тековни и инвестициски активности. Бруто евидентираните неплатени обврски на општина Карпош за 2025 година се евидентирани во вкупен износ од 360.719.361 денари и се групирани во два вида на обврски и тоа, краткорочни и среднорочни .

Од анализата на одделните обврски, вкупно евидентирани и неплатени обврски на општина Карпош на крајот од извештајниот период се според следниот редослед:

Табела 3: Обврски - состојба на 31.12.2025 год.

| **Ставка** | **Опис на обврска** | **Долговен износ** |
|---|---|---|
| 2200 | Добавувачи во земјата | 305.434.372 |
| 2501 | Обврски за ДДВ | 19.646.320 |
| 2810 | Обврски за нето плати | 8.501.713 |

| | | |
|---|---|---|
| 2840 | Даноци од плата | 737.809 |
| 2850 | Придонеси од плата | 3.593.151 |
| 9200 | Обврски по долгорочен заеми | 22.805.996 |
| | Вкупно обврски по сите основи | 360.719.361 |

*Извор: Општина Карпош, Сектор за финансиски прашања, Биланс на состојба на ден 31.12.2025 година*

***<u>Краткорочни обврски</u>***

Во групата на краткорочни обврски отпаѓаат обврските по основ на пресметана бруто плата на вработените на општина Карпош за месец декември 2025 година во износ од од 12.832.673денари.

Обврските во износ од 305.434.372 денари спрема добавувачи исто така отпаѓаат на категоријата краткорочни обврски, но содржат и дел од долгорочните обврски. Оттука, краткорочните обврски во сметководствената евиденција се делат на тековно-оперативни и капитални обврски.

*Тековно оперативните обврски* заклучно со 31.12.2025 година изнесуваат 68.355.376 денари. Овие обврски се настанати од редовно работење на општината. Тие ги сочинуваат обврските по основ на неплатени фактури за комунални услуги како електрична енергија и јавно осветлување, телефонија, прехранбени продукти, канцелариски материјали, членарини, огласи во дневни весници и др.

*Капиталните обврски* во износ од 14.922.850 денари се обврски кон добавувачи за отпочнати капитални инвестиции и обврски за ДДВ во износ од 19.646.320 денари (ДДВ за период од 01.10-31.12.2025 година кој износ е исплатен во месец јануари 2026 година). Во оваа група обврски се и обврските по извршни судски решенија кон два добавувачи во вкупен износ од 222.156.146 денари, скучен е договор – спогодба за исплата на рати)

***<u>Долгорочни обврски</u>***

Долгорочни обврски на општина Карпош со состојба на 31.12.2025 година се евидентирани на вкупен износ од 22.805.996 денари, кои се однесуваат на Обврските по

долгорочен заем одобрен од Светска банка, подзаем од Министерство за финансии за довршување на изградбата на сервисни и станбени улици на територија на општина Карпош( едниот кредит е 8.934.616 денари и вториот 13.871.380 денари).

## ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ
## ВО 2025 ГОДИНА

Целокупната активност на општина Карпош во текот на 2025 година се вршеше преку реализација на инвестиционите програми што ги опфаќаат нејзините различни надлежности утврдени со Законот за локалната самоуправа. Остварувањето на инвестиционите активности на општина Карпош за 2025 година е презентирано во посебни извештаи за реализација на програмите. Поради концептот на програмското буџетирање активностите на Општина Карпош во текот на 2025 година се презентирани во програмите одобрени од Советот на општината. Заради попрецизно согледување на остварувањата, во прегледите се презентирани податоци за планираните (ребалансирани) и за реализираните износи на одделни програми во текот на 2025 година. Во приложените прегледи се запазени принципите на транспарентност, прегледност и споредливост. Таквиот пристап создава можност за аналитички согледувања на остварувањето на програмите од секаков вид. Во тие рамки, секако, најважно е согледувањето на степенот на остварувањето на планираните вредносни големини на одредени програми, како и наменското користење на буџетските средства на општина Карпош, кои се детално регулирани и определени со нејзиниот буџет за 2025 година.

Согласно програмските активности на општина Карпош во 2025 година, се реализираа инфраструктурни проекти кои беа од особено значење за месното население во оние делови во кои се изведуваа градежни зафати. Согласно начелото на програмско буџетирање, реализацијата на инвестиционите активности на општина Карпош за 2025 година се одвиваше по соодветните донесени програми. Во таа насока, се опфатија проекти од областа на урбанистичкото планирање, комуналните дејности - јавно осветлување, изградба и реконструкција на улици и патишта, реконструкција на други објекти, изградба на детски игралишта, поставување на урбана опрема на територија на општина Карпош и др.

Инвестиционите активности на општина Карпош за 2025 година се дадени во следниот преглед на програми:

- Изградба на јавно осветлување на територијата на општината во износ **од 41.979.081,00** денари
- Изградба и реконструкција на станбени и собирни улици, тротоари и пешачки патеки во износ од **14.320.683 ,00** денари,
- Уредување на градежно земјиште-капитални трошоци во износ од **85.723.227,00** денари ( изградба на фекална канализација, атмосферска канализација, нн приклучоци со проекти, топловодна мрежа со проекти, подигање на јавно зеленило, хидрантска мрежа, пристапни патеки за лица со посебни потреби и изградба на систем на одведување на отпадни води и надомест за одземен имот ),
- За поставување на нова урбана опрема се потрошени средства во износ од **1.500.000, 00** денари.
- За изградба на нови парковски површини се потрошени средства во износ од **2.191.322,00** денари.

Реализирана изградба на други објекти и тоа :

- Потрошени се средства за улично осветлување во износ од **10.456.373,00** денари,
- одржување на улично осветлување во износ **7.370.481,00** денари (замена на сијалици , канделабри и бандери)
- изработка на просторни и урбанистички планови во износ од **523.407,00** денари,
- за одржување на јавна чистота се потрошени средства во износ од **55.090.355,00** денари ( ангажирање на работници- 50.472.538,00 денари и чистење на диви депонии, гориво и потрошен матријал за одржување на 4.617.817,00),
- одржување на паркови и зеленило се потошени средства во износ од **3.084.801,00** денари,
- за одржување на урбана опрема се потрошени средства во износ од **9.606.947 ,00** денари.

Капитална донација на Фондот за магистрални и регионални патишта наменети за изградба, реконструкција и тековно одржување на улици во надлежност на општината за 2025 година изнесува **5.238.093,00** денари, потрошени се средстваат и тоа:

| | |
|---|---|
| -изградба и реконструкција на станбени и собирни улици | **2.619.000,00** |
| - зимска служба | **1.048.093,00** |
| - крпење на ударни дупки | **1.571.000,00** |
| **ВКУПНО** | **5.238.093,00** |